# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Предлагач: Градоначалник

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Претставник: Сектор за финансиски прашања

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# ЗА 2023 ГОДИНА



Скопје, март 2024 година

## Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода е посебна единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на општина Кисела Вода.

Општина Кисела Вода опфаќа површина од 46.86 км$^2$ и има 61.965 жители.

Седиштето на Општина Кисела Вода е на ул.Петар Дељан бр.17 Скопје.

Општина Кисела Вода има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните кои ги вршат работите од локално значење што се функционално неделиви и подеднакво значајни за целото подрачје.

## Годишна сметка

### 2.1 Приходи на Општина Кисела Вода

Во вкупниот износ на приходи остварени во текот на 2023 година во Општина Кисела Вода најголемо учество заземаат даночните приходи од кои со најголем процент на наплатеност се данокот на имот, данок на промет на недвижности и даноци од специфични услуги меѓу кои е надоместокот за уредување на градежно земјиште.

| Опис на контото | планирано | остварено | % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **526.414.792,00** | **515.861.193,00** | 98,0 |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **323.230.558** | **348.199.672** | 107,72 |
| **711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **21.900.000,00** | **35.060.842,00** | 160,10 |
| 711111 Данок на плати на вработени лица кај корисници на буџетот | 4.500.000,00 | 6.971.757,00 | |
| 711112 Данок на плати на вработени лица во трговски друштва | 14.500.000,00 | 26.230.012,00 | |
| 711114 Данок на плати остварени во странство | 300.000,00 | 296.323,00 | |
| 711133 Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 2.000.000,00 | 856.898,00 | |
| 711139 Данок на доходи на прих од занает дејност според паушал | 500.000,00 | 705.852,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 711140 Камата за ненаврем. плаќање на персон данок на доход | 100.000,00 | 0 | |
| **713 Даноци на имот** | **116.700.000,00** | **137.802.414,00** | 118,08 |
| 713111Данок на имот | 33.000.000,00 | 33.459.839,00 | |
| 713112 Повисока стапка на данокот на имот | 10.000.000,00 | 14.476.116,00 | |
| 713113 Данок на имот од правни лица | 11.000.000,00 | 15.731.669,00 | |
| 713211 Данок на наследство и подарок | 8.000.000,00 | 6.333.136,00 | |
| 713311 Данок на промет на недвижности и права | 35.000.000,00 | 43.967.808,00 | |
| 713312 Повисока стапка на дан.на пром.на недв.од најниската | 18.000.000,00 | 22.197.174,00 | |
| 713512 Камати на ненавр.плаќ.на данок на имот | 1.700.000,00 | 1.636.672,00 | |
| **717 Даноци на специфични услуги** | **184.430.558,00** | **175.295.149,00** | 95,05 |
| 717112 Комунална такса за истакнување фирма, реклама, односно назив на деловна просторија | 7.000.000,00 | 5.283.760,00 | |
| 717115 Комунална такса за корист.на улици што се плаќа при регистрација на возила | 4.000.000,00 | 3.455.769,00 | |
| 717116 Комунална такса за користење на јавно осветление | 48.000.000,00 | 54.897.914,00 | |
| 717131 Комун такса за користење на простор пред деловен простор | 500.000,00 | 281.878,00 | |
| 717134 Комунални такси за поставув. витрини за изложување стоки | 100.000,00 | 0 | |
| 717137 Надоместок на уредување на градежно земјиште | 123.830.558,00 | 110.575.996,00 | |
| 717138 Надоместоци од комунална дејност | 1.000.000,00 | 799.832,00 | |
| **718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **200.000,00** | **41.267,00** | 20,63 |
| 718134 Надом. за управ. со отпад на општината односно градот | 200.000,00 | 41.267,00 | |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **10.000.000,00** | **3.025.289,00** | 30,25 |
| **722 Такси и надоместоци** | **3.000.000,00** | **1.616.532,00** | 53,88 |
| 722315 Административ такси кои се плаќаат на списите и дејствијата кај органот на општината | 3.000.000,00 | 1.616.532,00 | |
| **725 Други неданочни приходи** | **7.000.000,00** | **1.408.757,00** | 20,13 |
| 725939 Други неданочни приходи | 7.000.000,00 | 1.408.757,00 | |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **22.800.000,00** | **11.124.675,00** | 48,79 |
| **733 Продажба на земјиште и нематреријални вложувања** | **22.800.000,00** | **11.124.675,00** | 48,79 |
| 733111 Приходи од промет на недвижности на РМ за стекнување на права за користење на град.земјиште | 10.000.000,00 | 2.919.674,00 | |
| 733115 Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 300.000,00 | 596.229,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 733119 Надоместок за концесии за експл.на минер.суровини (по основ на простор) | 500.000,00 | 0 | |
| 733120 Надоместок за концесии за експл.на минер.суровини (минерална суровина) | 3.000.000,00 | 2.668.788,00 | |
| 733144 Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 9.000.000,00 | 4.939.984,00 | |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **170.384.234,00** | **153.511.557,00** | 90,10 |
| **741 Трансфери од други нивоа на власт** | **170.384.234,00** | **153.511.557,00** | 90,10 |
| 741111 Тековни трансф од други нивоа на власт | 5.190.503,00 | 1.401.000,00 | |
| 741112 Трансфери од буџет на републиката | 12.000.000,00 | 1.918.866 | |
| 741113 Трансфери од буџетите на фондовите | 8.294.571,00 | 5.271.413,00 | |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претх.год | 111.100.000,00 | 111.121.118,00 | |
| 741115 Дотации на општината од прих од ДДВ | 33.799.160,00 | 33.799.160,00 | |

Реализираните приходи во текот на 2023 година се во висина од 515,8 милиони денари (404,7 милиони денари од тековната 2023 година и 111,1 милиони денари како салдо пренесено од 2022 година) или истите споредени со планираните приходи во 2023 година изразено во проценти изнесува 98 %. Реализираните приходи во 2023 година споредени со истите од 2022 година се поголеми за околу 25% ( вкупните приходи во 2022 година изнесуваат 412,1 милиони денари)

## Преглед на планирани и реализирани приходи во Буџетот за 2023 година



## 2.2 Преглед на вкупните приходи-консолидиран Буџет

**Буџет на Општина Кисела Вода, блок дотации, самофинансирачки активности, кредити и донации**




Во консолидираниот Буџет на Општина Кисела Вода од планираните приходи во висина од 1.117.488.555,00 денари остварени се приходи во износ од 941.382.861,00 денари со вклучени пренесени вишоци од 2022 година, односно споредени со планираните приходи за 2023 година остварени се 84,24%.

Во структурата на реализираните приходи основниот Буџет на Општина Кисела Вода учествува со 44,35% (417,5 мил.денари), дотациите со 49,5% (466 мил.денари), самофинансирачките активности со 4,58% (43,1 мил.денари) донациите со 1,33% (12,5 мил.денари) и кредити 0,24% (2,2 мил.ден.)

## 3. Преглед на расходи

### 3.1 Преглед на вкупните расходи-консолидиран Буџет

**Буџет на Општина Кисела Вода, блок дотации, самофинансирачки активности, кредити и донации**




Во консолидираниот Буџет на Општина Кисела Вода од планираниот Буџет во висина од 1.117.488.555,00 денари реализирани се расходи во износ од 932.214.669,00 денари односно споредени со планираните приходи за 2023 година остварени се 83,42%.

Во структурата на реализираните расходи, основниот Буџет на Општина Кисела Вода учествува со 44,8% (417,5 мил.денари), блок дотациите со 49,99% (466 мил. денари), самофинансирачките активности со 4,62% (43,2 мил.денари) донациите со 0,35% ( 3,3 мил.денари) и кредити 0,24% (2,2 мил.ден.)

## 3.2 Преглед на расходи на Буџет -Општина Кисела Вода

Расходите на Општина Кисела Вода се планирани согласно програмите за работа за 2023 година засновани врз база на приоритетите при нивната реализација. Од планираните приходи во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година во висина од 526.414.792,00 денари, за планираните намени реализирани се расходи во висина од 417.548.211,00 денари. Разликата помеѓу остварените приходи и реализираните расходи претставуваат салдо од сметките пренесено во 2024 година во износ од 98.312.982,00 денари. Структурата на расходите во Општина Кисела Вода во 2023 година е преставена во следната табела:

| Опис на контото | | | | планирано | реализирано | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | **Плати наемнини и надоместоци** | | | **88.844.000,00** | **86.966.445,00** | 97,9 |
| | 401 | | Основни плати и надоместоци | 57.295.000,00 | 56.982.267,00 | 99,5 |
| | 402 | | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 22.131.000,00 | 21.960.085,00 | 99,2 |
| | 404 | | Надоместоци | 9.418.000,00 | 8.024.093,00 | 85,2 |
| 41 | **Резерви и недефинирани расходи** | | | **6.807.000,00** | **6.326.953,00** | 92,9 |
| | 412 | | Постојана резерва (непредв. расходи) | 4.000.000,00 | 3.585.505,00 | 89,6 |
| | 413 | | Тековни резерви (разновидни расходи) | 2.807.000,00 | 2.741.448,00 | 97,6 |
| 42 | **Стоки и услуги** | | | **193.586.994,00** | **144.791.891,00** | 84,2 |
| | 420 | | Патни и дневни расходи | 150.000,00 | 0 | |
| | 421 | | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 50.145.000,00 | 42.106.067,00 | 83,9 |
| | 423 | | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 4.450.000,00 | 856.048,00 | 19,2 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | 32.329.994,00 | 18.787.360,00 | 58,1 |
| | 425 | | Договорни услуги | 34.826.000,00 | 24.998.692,00 | 71,8 |
| | 426 | | Други тековни расходи | 30.444.000,00 | 17.543.706,00 | 57,6 |
| | 427 | | Привремени вработувања | 41.242.000,00 | 40.500.018,00 | 98,2 |
| 45 | **Каматни плаќања** | | | **1.100.000,00** | **1.094.488,00** | 99,5 |
| | 452 | | Каматни плаќања | 1.100.000,00 | 1.094.488,00 | 99,5 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | **27.924.227,00** | **19.392.489,00** | **69,4** |
| | 461 | Субвенции и трансфери | | **2.500.000,00** | **2.499.999,00** | 100 |
| | 463 | | Трансфери до невладини организации | 5.600.000,00 | 4.850.000,00 | 86,6 |
| | 464 | | Разни трансфери | 19.824.227,00 | 12.042.490,00 | 60,7 |
| 48 | **Капитални расходи** | | | **195.212.571,00** | **146.045.229,00** | 70,3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **480** | | **Купување на опрема и машини** | 24.358.000,00 | 23.792.501,00 | 97,7 |
| | **481** | | **Градежни објекти** | 7.500.000,00 | 5.992.857,00 | 79,9 |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | 160.354.571,00 | 114.060.863,00 | 35,6 |
| | | 482110 | Подготвување проекти,дизајн на ул.,патишта | 3.800.000,00 | 2.923.817,00 | 71,1 |
| | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 7.000.000,00 | 6.079.291,00 | 86,8 |
| | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопат | 19.200.000,00 | 10.567.032,00 | 55 |
| | | 482620 | Изградба на споменици | 300.000,00 | 300.000,00 | 100 |
| | | 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдув. | 6.150.000,00 | 5.052.263,00 | 82,1 |
| | | 482910 | Подготвување проекти,дизајн на др објекти | 800.000,00 | 0,00 | 0 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 28.979.000,00 | 18.160.819,00 | 62,6 |
| | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 90.525.571,00 | 68.995.216,00 | 76,2 |
| | | 482940 | Надзор над изградба | 3.600.000,00 | 1.982.425,00 | 55 |
| | **483** | | **Купување мебел, опрема, возила и маши** | **0,00** | **0,00** | 0,0 |
| | **485** | | **Други нефинансиски средства** | **3.000.000,00** | **2.199.008** | 73,3 |
| 49 | | | **Отплата на главница** | **12.940.000,00** | **12.930.716,00** | 99,9 |
| | **492** | | **Отплата на главница кон дом инстутиции** | 12.940.000,00 | 12.930.716,00 | 99,9 |
| **Вкупно** | | | | **526.414.792,00** | **417.548.211,00** | **79,3** |

**Графичкиот приказ на планирани и реализирани расходи на Општина Кисела Вода во 2023 година**




| | Плати наемнини и надоместоци | Резерви и недефинирани расходи | Стоки и услуги | Каматни плаќања | Субвенции и трансфери | Капитални расходи | Отплата на главница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % | 20.8 | 1.5 | 34.7 | 0.3 | 4.6 | 35.0 | 3.1 |
| остварено | 86,966,445 | 6,326,953 | 144,791,891 | 1,094,488 | 19,392,489 | 146,045,229 | 12,930,716 |
| Планирано | 88,844,000 | 6,807,000 | 193,586,994 | 1,100,000 | 27,924,227 | 195,212,571 | 12,940,000 |

Во 2023 година извршувањето на буџетот изнесува 417.548.211,00 денари. Во структурата на реализираните расходи на Општина Кисела Вода, капиталните расходи учествуваат со 146.045.229,00 денари или процентуално со 34,97%, додека тековно оперативните расходи изнесуваат 271.502.982,00 денари или изразено во проценти 65,03%.

Посебниот дел на завршната сметка се состои од програми кои се усвоени од Советот на Општина Кисела Вода и според нив е изработен Буџетот за 2023 год. Во секоја програма се внесени планираните средства, целокупната реализација за соодветните активности во 2023 година и процентот на реализација и истите се дадени во наредната табела:

**Планирани и реализирани расходи по одделни програми во 2023 година**

| ПРОГРАМА | Планирано 2023 | Реализирано 2023 | % |
|---|---|---|---|
| **А0** | **11.350.000,00** | **10.480.797,00** | 92,3 |
| **Д1** | **4.800.000,00** | **3.561.664,00** | 74,2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Д0** | **6.065.227,00** | **5.572.964,00** | 91,8 |
| **Е0** | **155.157.000,00** | **147.776.803,00** | 95,2 |
| **ЕА** | **10.758.000,00** | **8.787.096,00** | 81,6 |
| **Ф1** | **8.300.000,00** | **1.176.489,00** | 14,1 |
| **Ф2** | **2.500.000,00** | **0** | 0 |
| **ФА** | **500.000,00** | **0** | 0 |
| **Г1** | **8.286.000,00** | **4.466.647,00** | 53,9 |
| **ГД** | **4.500.000,00** | **0** | 0 |
| **Надлежност Ј** | **248.587.994,00** | **189.610.900,00** | 76,2 |
| **Ј0** | 7.150.000,00 | 1.377.909,00 | 19,2 |
| **Ј3** | 50.243.994,00 | 38.579.104,00 | 76,8 |
| **Ј4** | 14.234.000,00 | 13.721.846,00 | 96,4 |
| **Ј6** | 3.000.000,00 | 1.481.292,00 | 49,3 |
| **Ј8** | 2.900.000,00 | 2.019.783,00 | 69,6 |
| **ЈА** | 700.000,00 | 561.672,00 | 80,2 |
| **ЈГ** | 7.150.000,00 | 5.052.263,00 | 70,6 |
| **ЈД** | 111.941.000,00 | 86.150.332.,00 | 76,9 |
| **ЈЕ** | 200.000,00 | 0,00 | 0 |
| **ЈИ** | 25.269.000,00 | 16.351.230,00 | 64,7 |
| **ЈН** | 24.100.000,00 | 23.614.627,00 | 97,9 |
| **ЈФ** | 1.700.000,00 | 700.842,00 | 41,2 |
| **К4** | **7.700.000,00** | **6.213.872,00** | 80,7 |
| **КА** | **2.994.571,00** | **2.218.866,00** | 74,1 |
| **Л0** | **8.400.000,00** | **8.240.041,00** | 98,1 |
| **Н1** | **8.494.000,00** | **3.670.469,00** | 43,2 |
| **НА** | **500.000,00** | **0,00** | 0 |
| **Р1** | **12.800.000,00** | **4.540.832,00** | 35,4 |
| **РА** | **4.800.000,00** | **2.608.301,00** | 54,3 |
| **В1** | **19.822.000,00** | **18.622.470,00** | 93,9 |
| **Џ1** | **100.000,00** | **0,00** | 0,0 |
| **Вкупно** | **526.414.792,00** | **417.548.211,00** | **79,3** |

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАДЛЕЖНОСТ Ј-КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во рамките на **надлежноста Ј- Комунални дејности** се програмите :

**Програма Ј30** – Изградба на јавно осветлување се однесува на одржување и изградба на ново осветлување како што е замена на прегорени сијалици, замена на оштетени кабли, замена на делови од уличното осветлување, поставување на ново

осветлување на спортски терени и паркови како што се парк Оксиген во с.Драчево, спортски терени Славија во населба Пржино, и други.

**Програма ЈД0** – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици се однесуваат на реконструкција и изградба на локални патишта во рурални и урбани средини во општината како што се улица Емил Зола, улица Сердарот, улици во населба Усје, улици во населба Припор, крак на улица Петар Дељан, улица Малешевска и други.

**Програма ЈЕ0** – Изградба на простор за паркирање се однесуваат на изградба на улици, тротоари, патеки и паркинзи во општината како што се во населба Припор патека 1 и 2 на улица .Сава Ковачевиќ бр.23, проширување на улица Петар Дељан, паркинг 4 на улица Петар Дељан, крак на улица Малешевска 2 населба Драчево, тротоари на улица Малешевска во населба. Драчево, патеки на ул.Пушкинова, улица во населба Градинар и други.

**Програма ЈФ0** – Изградба на сообраќајна сигнализација се однесува на обнова на постоечките сообраќајни знаци кои се оштетени, каде недостасуваат и поставување на нови , обележување – обнова на пешачки премини пред основни и средни училишта и градинки, улици кои се под надлежност на Општина Кисела Вода, обележување на паркинг простори.

**Програма ЈИ0** - Изградба на состеми за одведување и пречистување на отпадни води - изградба и реконструкција на **фекална канализација** како што е: продолжување на фекална канализација на улица Сердарот, населба Подстаница, село Драчево ,изведба на фекална канализација на улица Ефтим Спространов и улица Лав Толстој, во населба 11 октомври (бараки), реконстукција на фекална канализација во ООУ Круме Кепески, населба. Кисела Вода, санација на приклучокот на постоечката фекална канализација и изведба на фекална канализација за ул. Саса 2 и Саса 4 во населба Пинтија и други. **Атмосферска канализација** како што се : прифаќање на атмосферски води во ООУ Круме Кепески населба Кисела Вода, изведба на атмосферска канализација на ул. Вера Јоциќ во нас. Цватан Димов.

**Програма ЈГ0** - Изградба на системи за водоснабдување како што се: реконструкција на водоводна мрежа на ул. Домазетовска и ул. Корцевска во село Драчево, продолжување на реконструкција на водоводна мрежа на улица Речиште 2 во село Драчево и други.

**Програма Ј40** – Капитални расходи за јавна чистота - месни заедници

**Програма JОО** – Капитални расходи за одржување на урбана опрема се однесува за реконструкција и санација на фонтани и чешми за пиење вода и во неа се опфатени -реконструкција на фонтани - нов парк Иднина , изградба на нов парк Оксиген во с.Драчево , изградба и одржување на хидрантска мрежа, пумпи, - низ сите паркови на територија на ОКВ , изградба на нови и одржување на постоечки зелени површини - Парк Славија , Парк Дупки (нов) и друго.

**Програма JНО** – Капитални расходи за урбана опрема се однесува на изградба на урбана опрема и спортски терени како што се во Подстаница, реконструкција на спортски центар Теферич, Реконструкција на парк во населба.Драчево до Тинех позади УЗ Бобан Трпков, Поставување вештачка трева - Парк Бранители населба.Драчево, изведба на спортски рекреативен центар Оксиген и друго.

Во рамките за **надлежноста Р** – Заштита на животна средина и природа , **подпрограма РА и Р10** – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа

**Подпрограма Р10** - се однесува на чистење на канали и депонии на територија на општина Кисела Вода како што се Црниот канал и каналот на Мала рада како и поставување на мерна станица за мерење на амбиеталниот воздух (кружен тек кај Цементара) и мерење на бучава.

**Подпрограма РА** – се однесува на реконструкција и изградба на зеленило и паркови, хортикултурно уредување на Парк 11 октомври бараки, парк Оксиген, обнова на зелената површина покрај Трим Патеката и други зелени површини на територија на Општина Кисела Вода

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА
Г1 - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО
ПОТПРОГРАМА ГД0 – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА

1. **Реализиран е Проектот “Општинско - корисна работа” во соработка со УНДП**

Целта на овој проект беше да се овозможи работно ангажирање, на невработени лица од обласа на образованието, социјалната заштита и заштита на деца, на определено време, согласно условите дефинирани од страна на УНДП и Агенцијата за вработување, како носители на проектот. Општина Кисела Вода во преку овој проект работно ангажираше 15 лица во период од 9 месеци.

2. **Изготвена е Стратегија за економски развој на општина Кисела Вода за период 2023-2026 година**

Стратегијата е изработена согласно потребите на економски развој на општината, процесите на децентрализација, Законот за рамномерен регионален развој, Националната Стартегија за регионален развој, како и можностите за користење на европските предпристапни фондови.

3. **Кофинансирање од страна на општината за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода**

Согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2023 кофинансираше во набавка на 15 печки на пелети за домаќинствата кои ги исполнија условите предвидени по основ на јавниот повик.

4. **Кофинансирање за набавка на пелети како огрев за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода**

Согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети како огрев за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2023 кофинансираше во набавка на пелети за 166 домаќинствата кои ги исполнија условите предвидени по основ на јавниот повик.

5. **Кофинансирање за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода**

Согласно Правилник за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода и повикот објавен согласно истиот, општината во текот на 2023 кофинансираше во поправка и санација на 4 лифтови во станбени згради кои ги исполнија условите предвидени по основ на јавниот повик.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, СПОРТ И КУЛТУРА
ЗА 2023 ГОДИНА

**1.1 Проект:** Награди за талентирани ученици

Проектот се реализираше преку доделување еднократна парична награда за талентираните ученици од општинските основни училишта од повеќе области (уметност, наука, култура).

**Реализација на проектот Мај – Јуни 2023 година**

1.2 **Проект:** Доделување награди на најдобрите наставници / стручни соработници

Проектот се реализираше преку доделување награди за најдобриот наставник стручен соработник од основните училиште на територија на општината.
**Реализација на проектот Мај – Јуни 2023 година.**

**1.3 Проект:** Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта

Проектот се реализира преку физичко и мобилно обезбедување на објектите во основните училишта, просториите и подвижниот имот во овие објекти.
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**.

1.4 **Проект:** Летен одмор за учениците од социјално ранливи категории во ООУ на територијата на општина Кисела Вода
**Реализација на проектот Август 2023 година.**

1.5 **Проект:** Сензорни соби и пристап на децата со попреченост
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

**1.6 Проект:** Центар за работа со талентирани ученици од Општина Кисела Вода
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

**1.7 Проект:** Униформи за учениците од општинските основни училишта од општина Кисела Вода
**Реализација на проектот Септември 2023 година**

**1.8 Проект:** Ранче за секое прваче

**Реализација на проектот Септември 2023 година**

**1.9 Проект:** Одбележување на денот на Мајчиниот јазик
**Реализација на проектот 21 Февруари 2023 година**

**1.10 Проект:** Одбележување на Светскиот денот на шегата 1-ви Април
**Реализација на проектот 1 Април 2023 година**

**1.11 Проект:** Литературен караван
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година.**

**1.12 Проект:** 5 –ти Октомври - Светскиот ден на учителот
**Реализација на проектот 5 Октомври 2023 година**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПОРТ

**1.1 Проект:** Материјална поддршка на спортски клубови и спортски здруженија.
**Период на реализација јануари/јуни 2023 година**

**1.2 Проект:** Доделување на материјална поддршка на училишните спортски клубови и Здружение општински сојуз за училишен спорт на ОКВ
**Период на реализација јуни 2023 година**

**1.3 Проект:** Материјална поддршка на спортски манифестации.
**Период на реализација јануари - јуни 2023 година**

**1.4 Проект:** Доделување на парична награда на спортски таленти поединечно и една екипна награда од основните училишта кои гравитираат на територијата на ОКВ.
**Период на реализација мај-јуни 2023 година**

**1.5 Проект:** Куп на Општина Кисела Вода „ Св.Ѓорѓи``
**Период на реализација мај 2023 година**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ

1.1 Проект: „Партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца“
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

1.2 Проект: „Финансиска поддршка на детските градинки на Општина Кисела Вода за привремено ангажирање на воспитен кадар (воспитувачи, негуватели и технички персонал) “
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

1.3 Проект: „Безбедност во сообраќајот“
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

1.4 Проект: „Партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца“
**Реализација на проектот во текот на целата учебна година**

1.5 Проект: „Булингот не е другарство“
**Реализација на проектот јануари / јуни 2023 година**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА

1.1 Проект: „Фрлање на крстот - ВОДИЦИ “
**Реализација на проектот 19 јануари 2023 година**

1.2 Проект: „ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ“
**Реализација на проектот 6 мај 2023 година**

1.3 Проект: КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
**Реализација на проектот 29 Јуни/ Јули 2023 година**

1.4 Проект: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Реализација на проектот во текот на година**

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

- Одделение за урбанизам
  - Во делот за урбанизам и донесување /одобрување урбанистичка планска документација и друга урбанистичка проектна документација.

Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови во текот на 2023 година ги реализира следните активности:

1. Прифатени/одобрени иницијативи:

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 13-4338 од 2023<br><br>хартија | Урбанистички проект со план за парцелација ГП 2.46 и трафостаница од дуп Пржино 1 | | | |
| | | | | |

2. Одобрени плански /проектни програми

| Бр. на постапка | Наслов | Планер | Статус | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 13-8638/2 од 14.11.2023<br><br>Постапка-56288 | ПП за изработка на детален урбанистички план за Градска Четврт Ј18 блок 13, Општина Кисела Вода | Друштво за Проектирање, планирање, инженеринг, Тајфа-план Доо Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13-244/1 од 02.11.2023 година<br><br>Постапка-50731 | ПП за изработка на урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.11 од дуп за населба Пинтија | Ингра Дооел Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 13-8638/2 од 14.11.2023<br>Постапка 43028 | ПП за изработка на урбанистички проект со план за парцелација за поделба на ГП 11.4 со намена А2-домување во станбени згради | Тајфа-план Доо Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 13-1306 од 2023<br><br>Постапка 58892 | Урбанистички проект за разработување на измена и дополна на општ акт за село Драчево Г2.2-згради на дел кп 578/1, дел 587/1, дел од КП 587/2, дел од КП 587/3, дел од КП 587/4, КО Драчево 2 | Ингра Дооел Скопје | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 13-97 од 2022-2023<br><br>Постапка 40384 | ПП и потврда за одобрување урбанистички проект за парцелација за формирање на една ГП3.25/26 од ГП 3.25 и 3.26 согласно дуп Стаклраница - пинтија | Тајфа-план | Одобрена | Приватна иницијатива |
| 13-8091 од 2023<br><br>Постапка 41716 | ПП за урбанистички проект со план за парцелација за формирање на ГП со намена А1-домување во станбени куќи од две ГП 1.39.1 и ГП 1.39.2 во Ј20.01 | Билд -урбан | Одобрена | Приватна иницијатива |

3.Завршени постапки за одобрување на детални урбанистички планови

| Бр. на постапка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| нема | | | | |

4.Завршени постапки за техничка исправка на урбанистичка планска документација

| Бр.на постапка | Наслов | Планер | Статус |
|---|---|---|---|
| 13-322 од 2023<br>Бр.на постапка 58579 | ТИ на урбанистички план за ГП 5.48 од дуп Реон Ј, Четврт Ј10, донесен со одлука бр.07-18/11 од 27.05.2014 | Ин-пума Скопје | Одобрена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13-318 од 2023<br>Бр.на постапка 58122 | ТИ на урбанистички план за ГП 1.3 од дуп Расадник-блокови 1,2,3 и 5 (измена и дополна), донесен со одлука 07-4360/1 од 19.07.2022 | Билд Дооел Скопје | Одобрена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бр.13-864 од 2023<br><br>Бр.на постапка 47389 | ТИ на урбанистички план за ГП 10.04 од дуп Градска Четврт Ј20 блок 07, донесен со Одлука бр.09-2838/18 од 11.04.2017 година | Билд Дооел Скопје | Одобрена |

5.Завршени постапки за одобрување урбанистички проекти за инфраструктура

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13-151/4 од 19.09.2023<br><br>Бр.на постапка 44649 | Одобрен урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.1-секундарни улични мрежи во населени места од измена и дополна на општ акт с.Драчево | Ингра-Дооел Скопје | Завршена постапка | Приватна иницијатива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13-2852/1 од 2022-2023<br><br>Постапка 44654 | Одобрен урбанистички проект за инфраструктура за нов секундарен топловод А3 010 на вод А3 делница 005 за планирани објекти според Дуп Ј13 нас.11 Октомври | Геинг Кребс унд Кифер Интернешнл Скопје | Завршена постапка | Бег |